З А П И С Н И К бр. 5

Од петтата седница на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, одржана на 18 декември 2023 година, во Канцеларијата за млади, со почеток во 16:30 часот.

На седницата присуствуваа: Зоран Кундурџиев и Петја Спасовска од Средношколска заедница на СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија, Бруно Алчинов од „Аптиксон"- Гевгелија, Александар Ристовски од „Мултус"- Гевгелија, Магдалена Атанасова од Социјалдемократска младина на Македонија- ОО СДСМ Гевгелија, Ангела Шаренкова од „Мултимедија"- Гевгелија, Мартин Илиев од Црвена младина-Левица Гевгелија и Магдалена Караколева и Марија Ангелова од Унија на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ ОК Гевгелија.

Седницата ја отвори претседавачот на ЛСМ, Ангела Шаренкова и откако констатираше дека на седницата се присутни мозинство членови и утврди дека има кворум за работа, го предложи следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д:**

1. Избор на записничар;
2. Усвојување на записник од четвртата седница на Локалното собрание на млади;
3. Предлог-Решение за разрешување членови на Локалното собрание на млади;
4. Предлог-Решение за именување членови на Локалното собрание на млади;
5. Разно.

По отворената расправа за предлог- дневниот ред, бидејќи никој не се јави за збор, се премина кон гласање и едногласно се усвои. Со 7 гласа за, за записничар беше избран службеникот за млади, Петар Јанчев.

По втората точка, записникот од 4. седница на ЛСМ беше ставен на гласање и без забелешки усвоен од 7. делегати.

По третата точка, претседателката ги достави на разгледување депонираните оставки на делегатот и заменик- делегатот од Унија на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ ОК Гевгелија – Сашко Проданов и Петар Шарков и отвори расправа по истите. Бидејќи никој не се јави за збор, со мнозинство гласови, наведените членови беа разрешени.

Исто така, со мнозинство гласови, по разгледување на предлог-номинациите и нивните биографија, како и излагањата на новите членови и без никакви дискусии по истите, од страна на останатите членови им беа верифицирани мандатите на Марија Ангелова за делегат и Магдалена Караколева- заменик-делегат, номинирани од Унија на млади сили на ВМРО- ДПМНЕ Гевгелија и Данче Николова за заменик-делегат, номинирана од Центар за едукација, култура и активизам „МУЛТУС" Гевгелија, во Локалното младинско собрание на Општина Гевгелија.

По однос на 5. точка, немаше дискусија, а претседателката Шаренкова ја затвори 4. седница на ЛСМ на ОГ.

бр. 19-____/1
____.2024 г.
Гевгелија

записничар,
**Петар Јанчев с.р.**

претседавач
**Ангела Шаренкова с.р.**